Уп. Бр. 08-17/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото **Нестле Бугарија АД (*Nestlé Bulgaria AD*),** со седиште во Бул. Европа бр. 128, 1360 Софија, Бугарија, преку Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден **22.02.2023** година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **Нестле Бугарија АД (*Nestlé Bulgaria AD*),** со седиште во Бул. Европа бр. 128, 1360 Софија, Бугарија, има намера да стекне директна единствена контрола над **ИСО-ПЛУС БГ ЕООД (*ISO-PLUS BG EOOD*),** со седиште на Ѓуешево бр. 83, 1379 п.к. Сердика, Софија, Бугарија, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 13.01.2023 година,а дополнето на 06.02.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **Нестле Бугарија АД,** со седиште во Бул. Европа бр. 128, 1360 Софија, Бугарија, со која **Нестле Бугарија АД,** има намера да стекне директна единствена контрола над **ИСО-ПЛУС БГ ЕООД,** со седиште на Ѓуешево бр. 83, 1379 п.к. Сердика, Софија, Бугарија, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Нестле Бугарија АД** е бугарско акционерско друштво (*Société Anonyme*), член на швајцарската групација на компании Нестле. Нестле Бугарија АД е првенствено вклучено во производство и дистрибуција на прашкасти и течни пијалоци, производи за нега на домашни миленици, подготвени јадења и помагала за готвење, кондиторски производи, млечни производи, производи за здрава исхрана и житарки. Меѓу производите кои припаѓаат на Групацијата Нестле се витамини, минерали и додатоци во исхраната кои се продаваат под брендот "Солгар".

Групацијата Нестле има едно претпријатие-ќерка основано во Северна Македонија, друштвото Нестле Адриатик Македонија дооел Скопје, со седиште на Булевар "8-ми Септември" бр. 16, п.фах 663, 1000 Скопје, Северна Македонија, матичен бр. 6103820, активно во продажба на различни категории производи на Нестле.

**ИСО-ПЛУС БГ ЕООД** е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, уредно основано и кое работи според законите на Бугарија, кое се занимава со дистрибуција на производите на Солгар примарно во Бугарија.

ИСО-ПЛУС БГ ЕООД има основано подружница во Северна Македонија, - ИСО-ПЛУС БГ ЕООД, Р. Бугарија – Подружница Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди 63/1-2, Скопје, ЕМБС 7140754, активна само во продажба на производи од брендот Солгар.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**